# Извештај за едукативен престој во УКЦ Љубљана на Оддел за Пулмологија и алергологија

ЈЗУ. ОПШТА БОЛНИЦА ОХРИД

Универзитен Клинички Центар – УКЦ Љубљана, Словенија

Јануари – Февруари 2015

21.12.2015

Др Спец. Петровска Славица

- Клиничкиот оддел за белодробни болести и алергологија КОПБА како дел од интерната клиника бил основан во 1998 година. Најбитен оддел со кој се занимава КОПБА е дијагноза на белодробен рак, болести на плевра, саркоидоза и белодробна хипертензија.
- КОПБА е главен словенечки центар за иследување на пациентите пред и по пресадување на бели доброви.



- Клиничкиот оддел за белодробни болести и алергологија е составен од хоспитален дел и тоа од 13 кревети. Простор за дијагностичка и интервентна бронхологија каде се изведуваат перторакални иглени пункции на плуќата и медијастниумот.
- УЗ пункции и слепи иглени биопсии, амбуланти за следење на белодробни болести и алергии кај возрасни како и вршење на хипосензибилизација .
- Оценка и подготовка на пациентите- кандидати за трансплантација на бели дробови  и нивна подготовка за трансплантација.





Инвазивни дијагностички и терапевтски третмани се вршат во соработка со Клиничкиот Оддел за торакална хирургија . Се извршуваат ендоскопски прегледи на белите дробови со флексибилни и ригидни бронхоскопи, ендобронхијален ултразвук, електрокаутер , криотерапија, како и можност за вметнување ендобронхијални стентови.

Со помош на трансторакална аспирациона биопсија се откриваат сите промени во белите дробови и медијастинумот .

Со примена на инвазивна ендоскопија се откриваат инфекции на долниот респираторен тракт кај пациенти со намален имунитет заради болест или претходна употреба на имуносупресивни лекови. Потоа се вршат ендоскопски прегледи со помош на ендобронхијален ултразвук, перибронхијално се прави аспирација на пункциони лезии и испитување на медијастијалните лимфни јазли.

Во 2007 година УКЦ , се вклучи во меѓународниот проект за рано откривање на рак на белите дробови со флуоресцентна и спектрална бронхоскопија во соработка со Агенцијата за рак, Vankouver , Канада.

## Трансплантација на Бели Дробови

најпрвин се избира кандидатот за трансплантација и се подготвува за постапката. Процедурата се извршува во стручна соработка со другите центри за трансплантација на клиниката АКХ во Виена. Пота се врши иследување на пациентите со пресадени бели дробови по оперативниот третман. Оваа постапка е единствена во УКЦ во Словенија.

## Конзилјарна служба

Пулмолошко и конзилјарно советување се извршува на сите клиники и оддели од друга специјалност во клиничкиот центар.

Дијагностика и третман на Белодробна Хипертензија

Постои цел тим кој активно работи на одкривање и справување со болните со белодробна хипертензија во кој е уклучен и одделот за кардиологија.

Амбуланти- каде постои организирана школа за астма и нејзин третман со кислород во домашни услови.

Се утвртдуваат алергии на горни и долни патишта и се извршува хипосензибилизација на полен и домашна прашина.



Хоспитален дел

Болница функционира: со секундарни и терциерни пациенти, и останатите пациенти кои се надвор од Љубљанскиот регион . Се третираат пациенти сомнителни за рак на белите дробови , и се сведуваат на дијагностичка подготовка за хируршки или онколошки третман.Истотака дијагностички се третираат пациенти, со медијастинални тумори или со др. системски болести на сврзното ткиво, белодробна саркоидоза, пациенти со пулмонална хипертензија , астма, пациенти со цистична фиброза, хронична опструктивна белодробна болест , со присутни респираторни инфекции и инфекции кај пациенти со намален имунитет, пациенти со болести на плевра.



- **Пневмолошка и алерголошка амбуланта Љубљана**
- Пневмолошка/алерголошка амбуланта на Кл. Центар во Љубљана е наменета за специјалистички лекувања:
- Пацинети  кои покажуваат симптоми на: тешко дишење, кашлање, патолошки наод на белодробна функција, или патолошки наод на  РТГ на бели дробови.
- Пациенти при кои се сомневаме на алергиски болести, како: ринитис, алергија на храна, алергија на лекови, уртикарија , ангиоедем.
- Во амбулантниот поликлинички дел се изведуваат следните тестови:
- Испитување на белодробна функција
- Спирометрија, бронхијални провикациски тестови, телесна плетизмографија, мерење дифузиски капацитет.
- Специфична имунотерапија, лабараториска имунолошки тестови.

За време на едукативниот престој редовно учествував во работата на амбулантно поликлиничкиот дел за пулмологија и алергологија.Од понеделник до петок секој ден беше резервиран за  различна проблематика,понеделник- дијагностика и третман на ХОББ- Астма, вторник-белодробна хипертензија,среда- подготовка на кандидати за трансплантација на бели дробови и следење на пациенти после трансплантација на бели дробови,четврток- дијагностика и третман на белодробна саркоидоза и др. плукни грануломатози и петок- третман на пациенти со рак на бели дробови.

- Едукативната размена ми овозможи запознавање со работата во оваа болница, размена на искуства со ценети колеги.
- дополнување на знаењето од областа на алергологија и функционална дијагностика,
- Професионалната надградба и усовршување што ми го овозможи оваа размена, со голема чест и задоволство ќе ги применам во мојата работа во нашата болница, се со цел подобрување на нивото на квалитетот на здравствените услуги.